## ОД СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

На седницата на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје од 3. ноември 2004 г., неговите уважени членови ми укажаа доверба во следниот четиригодишен мандат да ја вршам функцијата на декан на Факултетот. Секоја укажана доверба содржи обврска и предизвик повеќе, не само за да се задржи динамичниот развоен од во современите услови на нашето живеење, во случајов, на нашиот Факултет, туку да се отиде понатаму, да се препознаат сигналите на времето во кое живееме за да можеме да се препознаеме и самите себе и својата задача.

Гледајќи напред во иднината и задачите кои ни претстојат, вредно е да се напомене дека во изминатиов период сите заедно постигнавме многу. Во 2002 г. беше иницирано воведување на петгодишни студии по стоматологија според Европскиот кредит трансфер систем, од што се очекува да се создадат основи за темелна реформа на начинот на едукација (интерактивна настава, семинари, курсеви, континуирана проверка на знаењата преку тестови и колоквиуми), а сè со цел да се доближиме и да се изедначиме до европскиот модел на студии по стоматологија - услов за признавање на докторските дипломи по стоматологија во Европа. При деканатот на Факултетот, формирано е Одделение за компјутеризирана проверка на знаењата, со основна задача да се спречат појавите на корупција и непотизам во образовниот процес. Иницирана е измена на наставните содржини на предметите што се изучуваат во текот на додипломските студии и нивно приспособување, во содржина и обем, во рамките на неопходни знаења со кои треба да се стекне еден дипломиран доктор по стоматологија. Ваквите чекори се очекува да обезбедат услови кадрите произведени на нашиот Факултет успешно и ефикасно да одговорат на барањата за пружање здравствени услуги од доменот на стоматологијата во пакетот на примарни стоматолошки здравствени услуги.

Пред нас стои обврската да се чекори напред во иднината, а за планирање и градење на нашата иднина - никогаш не е ниту доцна ниту рано!

Пријатна должност ми е да им се заблагодарам на досегашните продекани, проф. д-р Мирослава Стевановиќ, проф. д-р Јордан Јанев и проф. д-р Ерол Шабанов за соработката во изминатиот мандатен период. Наедно, сакам да им посакам успешна работа на новоизбраните продекани, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Александар Грчев.

***Декан на Стоматолошки факултет***
***проф д-р Марија Накова***

## Проф. д-р МАРИЈА НАКОВА



***Проф д-р Марија Накова*** е родена 1946 г. во Радовиш, каде го завршила основното и средното образование. Во 1971 г. дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 1975 г. се здобила со звањето специјалист по болести на устата и забите. Со научниот степен магистер на стоматолошки науки на Медицинскиот факултет во Скопје се здобила во 1976 г., а во 1980 г. станала прв доктор на стоматолошки науки во Македонија. Од 1992 г. е редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет.

Својот насочен интерес и предизвикот за унапредување на лекувањето на прогресивната пародонтопатија професор Накова го продлабочила преку стручниот престој во Турку, Финска, кај реномираниот експерт за пародонтални заболувања проф. Паунијо Кејо.

Професор Накова била раководител на Клиниката за болести на устата и пародонтот, а шеф на истоимената Катедра била во периодот 1994-1998 год. Во периодот 1992-1998 г. била продекан на Факултетот, а од 1998 г. до денес, била избирана за декан на Стоматолошкиот факултет во три мандати. Во 2002 г. била иницијатор и реализатор на отворањето на додипломски студии на Високата стручна школа за забни техничари и на Високата стручна школа за стручни стоматолошки сестри.

Била член на Уредувачкиот одбор на првото издание на Македонска стоматолошка библиографија (1989) по повод одбележувањето на 35-годишнината на Стоматолошкиот факултет и главен уредник на нејзиното второ издание (2004), посветено на 45-годишниот јубилеј на Факултетот. Уредник е на едицијата "Галерија на кадрите (1959-1999)", објавена по повод 40-годишниот јубилеј на Факултетот. Во периодот 1997-2000 г. била главен и одговорен уредник на Македонски стоматолошки преглед.

Освен со магистерскиот и докторскиот труд и учеството во изработка на три научноистражувачки проекти, посветеноста на научноистражувачката работа, од најраните искуства во професијата до денес, ја потврдила во 181 објавени статии.

Автор е на повеќе поглавија на монографијата „За стоматолошката болка“ (1998) и на учебниците „Основи на оралната физиологија и биохемија“ (2002) и „Орална патологија“ (2003).

За својата дејност, професор Накова е добитник на највисоки признанија и одликувања.

## Проф. д-р МИЛЕ ЦАРЧЕВ



**Проф. д-р Миле Царчев** е роден во 1948 година во Струмица, каде го завршил основното образование. Со средно образование се здобил во Училиштето за забари и забни техничари во Скопје, на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот фракултет во Скопје дипломирал во 1973 година. Во 1978 г. се здобил со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија, а во 1989 со научниот степен доктор по стоматолошки науки. Од 1999 година е редовен професор на Катердрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Досега има остварено повеке студиски и работни престои во странство (Ивердон, Виена, Порторож, Будимпешта, Женева).

Член е на Советот на BaSS, во два мандата бил член на генералната ансамблеа на FDI, член на ERO, а во 2004 г. е избран за член на Американската стоматолошка академија Пјер Фошар. Во моментов е претседател на Стоматолошката комора на Македонија и продекан на Стоматолошкиот факултет.

Проф. Царчев бил член на Комисијата за изготвување стандарди во стоматологијата, член на Советот на Стоматолошкиот факултет, член на Научниот и на Кадровскиот одбор, член на Комисијата за постдиполмски студии, член на Комисијата за реформи во наставата на Стоматолошкиот факлутет.

Во 1985 година за првпат ја промовирал хелио-програмата во Македонија, а за одбележување е и неговото учество во имплементирањето на современите приоди при ремплантација на трауматски екстрахирани заби.

Проф. Царчев активно учествува во промовирањето на оралното здравје во Република Македонија. Коавтор е на Националната стратегија за развој на здравството до 2010 година, проект под покровителството на МАНУ. Учествувал во реализацијата на три научни проекти.

Досега има објавено преку 100 стручни и научни трудови.

## Проф. д-р АНА МИНОВСКА



**Проф. д-р Ана Миновска** е родена во 1953 г. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Стоматолошки отсек при Медицински факултет дипломирала во 1978 година. Во1983 г. се здобила со звањето специјалист по болести на устата и забите, а во 1994 г. со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

Професор Миновска е избрана во звањето вонреден професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот во 2000 година, а во 2005 во звањето редовен професор.

Непосредно по дипломирањето била на стручен престој во Канада на Државниот универзитет во Торонто. Во текот на 1990 година има остварено стручен престој во Виена заради усвојување на хируршките принципи во однос на диригираната пародонтална регенерација, како и престој на Стоматолошкиот факултет во Белград, а во 1998 год. престојувала на Стоматолошкиот факултет во Форд Мајерс, САД.

Од 2002 г. проф. Миновска е раководител на Високата школа за стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет. За функцијата продекан за настава на Стоматолошкиот факултет е избрана за мандатниот период 2004-2008 г. Во 2004 г. професор Миновска била избрана за претседател на Македонското стоматолошко друштво. Во текот на 2004 г. била претседател на Научниот одбор на 9. конгрес на балканската стоматолошка асоцијација, а сега е член на Советот на асоцијацијацијата.

Проф. Миновска има објавено над 50 публикации во земјава и во странство. Во 2004 г., во издание на Стоматолошкиот факултет, го објавила учебникот „Професионализам и тимска работа", а во 2005 г., исто така во издание на Факултетот, „Орална хигиена".

За посебно достигнување во развојот на здравствената дејност во Републиката доделени ѝ се повеќе признанија од страна на МЛД (плакета, диплома, благодарница итн.).

## Доц. д-р АЛЕКСАНДАР ГРЧЕВ



**Доц. д-р Александар Грчев** е роден на 3 март 1960 год. во Струмица, Р. Македонија. Средно образование завршил во 1978 год. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломирал во 1985 год. Во 1994 год. се здобил со звањето специјалист по максилофацијална хирургија.

Со научниот степен магистер на стоматолошки науки од областа максилофацијална хирургија се здобил во 1993 год., а во 2001 г. со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

Д-р Александар Грчев бил избран во звањето доцент на Катедрата за максилофацијална хирургија во 2002 г.

Во 2004 г., доц. д-р Александар Грчев е избран за продекан на Стоматолошкиот факултет.

Публицистичкиот опус на доц. д-р Александар Грчев опфаќа 28 статии објавени во домашни и странски публикации. Бил соработник во изработката на два научно-истражувачки проекта. Соработник е во едициите „Рендгенолошки атлас на болестите во максилофацијалната регија" (1997) и во „Тумори во максилофацијалната регија" (1998), изданија на „Студентски збор" од Скопје. Автор е на поглавјето „Болка во лицево-виличниот комплекс" во монографијата „За стоматолошката болка", издадена во 1998 год.